Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Шеесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 26 јули 2022 година

Скопје, јули 2022 година

# З А П И С Н И К
## од Шеесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 јули 2022 година

Седницата започна во 13:30 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, како и д-р Елвин Хасан, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Дејан Николовски, државен советник во Министерството за финансии.

На седницата присуствуваа и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Билјана Пецовска, нотар.

Од седницата отсуствуваа, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество

и администрација и д-р Цемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 61-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 јули 2022 година

- Усвојување на Записникот од 62-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 јули 2022 година

1. Информација во врска со извршени лекувања на осигуреници во Maltezer Krankenhaus St.Fraziskus-Hospital, во Фленсбург Германија и побарување на дополнителни трошоци од лекувањата од болницата како и побарувања од страна на Фондот на повеќе уплатени средства

2. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност „Ефективност на мерките на Владата на Република Северна Македонија за родова еднаквост и соодветни родови буџетски иницијативи“

3. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

4. Информација со предлог за спогодбено раскинување на Договорот за пристапување кон јавно приватно партнерство за реализација на проект изградба на мини хидроелектрична централа „Топлец“ бр. 02-462/1 од 28.11.2011 година

5. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за санација и делумна реконструкција за постигнување на енергетска ефикасност на објект: ПОУ „Дедо Лазо Цирковски“ с.Враништа, Општина Струга, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз санација и делумна

реконструкција за постигнување на енергетска ефикасност на објект: ПОУ „Дедо Лазо Цирковски“ с.Браништа, Општина Струга

6. Предлог-уредба за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации од областа на културата во 2023 година

7. Информација за пристапување на Република Северна Македонија кон Проширениот парцијален договор за културните рути на Советот на Европа
8. Информација за потребата од преземање на социјалните услуги финансирани од „Проектот за подобрување на социјалните услуги“ од Министерството за труд и социјална политика

9. Информација за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Делчево

10. Информација за креирање на Национална стратегија за правата на лицата со попреченост

11. Информација за утврдување на Кодекс за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, со Предлог-кодекс

12. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2021 година и Финансиски извештаи за 2021 година со Извештај на независниот ревизор

13. Иницијатива од Сашо Балабанов од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.60/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на: член 33 став 1 и член 67 став 1 точка 6 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/2004 и 139/2008); член 60 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/2019) и уставноста и законитоста на член 7 став 1 алинеја 2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/13, 154/13, 127/14, 146/15, 159/16 и 85/19)

14. Иницијатива од Страбаг АГ Подружница Страбаг од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.50/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 134 ставови 2 и 3 од Законот за работните односи

15. Кадровски прашања

16. Прашања и предлози

17. Акциски план за имплементација на препораките на Државниот завод за ревизија

18. Предлог - одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2022/881 на Советот од 3 јуни 2022 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Белорусија и вклученоста на Белорусија во руската агресија врз Украина

19. Предлог-одлука за отворање Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Турција со седиште во Сивас

20. Предлог - одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/884 на Советот од 3 јуни 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина

21. Предлог - одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/882 на Советот од 3 јуни 2022 година за изменување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Белорусија и вклученоста на Белорусија во руската агресија врз Украина

22. Предлог-одлука за отворање Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Хрватска со седиште во Риека

23. Предлог - одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/883 на Советот од 3 јуни 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

24. Предлог-решение за именување почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Хрватска со седиште во Риека

25. Предлог - одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/885 на Советот од 3 јуни 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

26. Предлог-решение за именување почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Турција, со седиште во Сивас

27. Предлог - одлука за давање согласност за бројот на студентите кои се запишуваат на трет циклус на студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во академската 2022/2023 година

28. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „SABER JUNCTION 22“ во Сојузна Република Германија

29. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради изведување на „Обука за евакуација на лица во тешко проодни планиски услови“ со Предлог - одлука

30. Информација за продолжување на постапката за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународниот пазар на капитал во 2022 година

*

*     *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 61-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 јули 2022 година и Записникот од 62-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 јули 2022 година

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршени лекувања на осигуреници во Maltezer Krankenhaus St.Fraziskus-Hospital, во Фленсбург Германија и побарување на дополнителни трошоци од лекувањата од болницата како и побарувања од страна на Фондот на повеќе уплатени средства (предметите се однесуваат на побарувања на дополнителни трошоци од лекувањата и извршени услуги од болницата во Германија) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија веднаш да преземе активности за ангажирање на меѓународна адвокатска фирма од Сојузна Република Германија за водење на меѓународни судски спорови со Maltezer Krankenhaus St.Fraziskus - Hospital, од Фленсбург, Германија заради заштита на интересите на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да ја информира Владата, во рок од 15 дена, во врска со активностите наведени во заклучокот под број 1.

3. Се задолжува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија веднаш да преземе активности за подготовка на информација во која ќе се наведат причините зошто е дојдено до оваа состојба (за случаите поврзани со болниците во странство кај кои се испраќани пациенти на лекување) и истата да ја достави до Владата, најдоцна до 1 септември 2022 година.

**Точка 2**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Ефективност на мерките на Владата на Република Северна Македонија за родова еднаквост и соодветни родови буџетски иницијативи", како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за одбрана, Министерството за финансии, Министерството за надворешни работи, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за млади и спорт, а се препорачува на Службата на Собранието на Република Северна Македонија да подготват акциски план со точно дефинирани рокови за имплементација на препораките кои се адресирани на секој од наведените органи.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за млади и спорт кои спроведуваат родово буџетска програма да преземат мерки и активности за:

- спроведување на детални анализи на состојбата во однос на родовата нееднаквост во областа за која се однесува програмата,

- утврдување на мерливи аутпут индикатори во програмите, со кои ќе се измерат постигнувањата во однос на родовата еднаквост и

- континуирано следење на програмите предвидени со родово буџетските изјави и изработка на извештаи на крајот од третата година во кои ќе се сублимираат постигнатите резултати и прогресот кој што се случил во текот на следењето на програмата.

3. Се препорачува на Собранието на Република Северна Македонија да ги преземе потребните активности за интензивирање на донесувањето на Националната стратегија за родова еднаквост 2021-2026 година.

4. Се задолжува Министерството за финансии да преземе мерки и активности за доуредување и прецизирање на Предлог-законот за буџетите, со дефинирање на поимите родово буџетска изјава/иницијатива, родови индикатори и родови цели.

5. Се задолжува Министерството за одбрана да преземе мерки и активности за целосно исполнување на зададените цели со Вториот национален акциски план за Резолуција 1325, како и изготвување на извештаи за реализирани активности од страна на телото за координација, мониторинг и евалуација.

6. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, да преземе мерки и активности:

- по донесување на Националната стратегијата за родова еднаквост 2021 – 2026 година, да донесе Национален акциски план за спроведување на истата, кој што ќе содржи мерливи индикатори, кои ќе го следат напредокот на остварените резултати и исполнетоста на специфичните цели,

- подобрување на содржината на годишните извештаи за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите и тоа во делот на утврдување на заклучоци и препораки,

- изработка на нов Индекс на родова еднаквост со кој ќе се утврдат и измерат постигнатите резултати во изминатиот период во процесот на родовата еднаквост,

- утврдување критериуми кои треба да ги исполнуваат членовите кои се дел од комисиите, телата и другите органи за родова еднаквост и

- воспоставување на унифициран и функционален систем со вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, програмите и буџетските процеси на централно ниво.

7. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во соработка со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да преземат мерки и активности за:

- преиспитување на потребата од формирање на Секретаријат за родова еднаквост,

- дефинирање на улогата на Секторот за еднакви можности во Министерството за труд и социјална политика,

- прецизирање на институциите во кои треба да се систематизира работно место координатор за еднакви можности и

- кадровско екипирање на Секторот за еднакви можности во Министерството за труд и социјална политика.

8. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги интензивира активностите во делот на:

- спроведување на соодветни анализи при изготвување на нацрт стратешките планови на министерствата и другите органи на државна управа, кој треба да содржат родово разделени податоци со цел правилно насочени стратешки цели,

- дефинирање и реализација на конкретни активности во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за спроведување на процесот на родовата еднаквост,

- исполнување на зададените цели со Вториот национален акциски план за Резолуција 1325 разработени во оперативните планови на институциите,

- ревизија на Националниот акциски план и воспоставување на механизам за периодично следење на имплементацијата на Националниот акциски план на Истанбулска конвенција и

- анализа на родовото влијание при изработка на Проценката на влијанието на регулативата при носењето на предлог законите и предвидување на пост законодавен надзор, за зголемување на учеството на жените на јавни функции во државата, со цел подобрување на родовата еднаквост.

**Точка 3**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за спогодбено раскинување на Договорот за пристапување кон јавно приватно партнерство за реализација на Проект изградба на Мини Хидроелектрична централа „Топлец" бр. 02-462/1 од 28.11.2011 година, со текст на Спогодба, ја усвои Информацијата и го овласти Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, да ја склучи Спогодбата за раскинување на Договор за пристапување кон јавно приватно партнерство за реализација на Проект изградба на Мини Хидроелектрична централа „Топлец" бр. 02-462/1 од 28.11.2011 година.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за санација и делумна реконструкција за постигнување на енергетска ефикасност на објект: ПОУ „Дедо Лазо Цирковски" с.Враништа, Општина Струга, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор

врз санација и делумна реконструкција за постигнување на енергетска ефикасност на објект: ПОУ „Дедо Лазо Цирковски“ с.Враништа, Општина Струга и ја усвои, со следните заклучоци:

1. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерство за образование и наука од Потпрограма ТБ, Сметка 637 за јавна набавка за Санација и делумна реконструкција за постигнување на енергетска ефикасност на објект: ПОУ „Дедо Лазо Циркоски“ с. Враништа, Општина Струга, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз Санација и делумна реконструкција за постигнување на енергетска ефикасност на објект: ПОУ „Дедо Лазо Циркоски“ с. Враништа, Општина Струга и тоа:

-за реконструкција 2.940.268,00 денари со ДДВ во 2022 година и 4.900.446,00 денари со ДДВ во 2023 година и

-за надзор 73.508,00 денари со ДДВ во 2022 година и 122.510,00 денари со ДДВ во 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, по добиено одобрение од Владата да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за изведување на градежни работи за Санација и делумна реконструкција за постигнување на енергетска ефикасност на објект: ПОУ „Дедо Лазо Циркоски“ с. Враништа, Општина Струга, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз Санација и делумна реконструкција за постигнување на енергетска ефикасност на објект: ПОУ „Дедо Лазо Циркоски“ с. Враништа, Општина Струга.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

## Точка 6

Владата ја донесе Уредбата за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации од областа на културата во 2023 година, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за пристапување на Република Северна Македонија кон Проширениот парцијален договор за културните рути на Советот на Европа, со пропратни материјали и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура, во рок од еден месец, да ги преземе сите потребни активности за пристапување на Република Северна Македонија кон Проширениот парцијален договор за културните рути на Советот на Европа.

2. Се задолжува Министерството за култура, како надлежна институција да ги преземе сите финансиски обврски кои би произлегле од пристапувањето кон овој парцијален договор.

**Точка 8**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за потребата од преземање на социјалните услуги финансирани од Проектот за подобрување на социјалните услуги од Министерството за труд и социјална политика и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во текот на јули 2022 година да отпочне постапка за доделување средства за давање социјални услуги, воспоставени преку „Проектот за подобрување на социјалните услуги" поддржан од Меѓународната банка за обнова и развој (Кредит Бр: 8902 –МК).

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Делчево и ја усвои, со следните заклучоци:

1. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерство за финансии, дава одобрение на Министерството за труд и социјална политика за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за групна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Делчево со плаќање на времени - месечни ситуации во период од две години и тоа:

- 2022 година - 12.000.000,00 денари на Сметка 637, Програма 3А, Расходна ставка 481;
- 2023 година - 38.589.096,92 денари на Сметка 637, Програма 3А, Расходна ставка 481;

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, по добиено одобрение од Владата да спроведе постапка за повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Делчево со плаќање на времени-месечни ситуации во период од две години со следнава динамика:

- 2022 година - 12.000.000,00 денари на Сметка 637, Програма 3А, Расходна ставка 481;
- 2023 година - 38.589.096,92 денари на Сметка 637, Програма 3А, Расходна ставка 481;

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за креирање на национална стратегија за правата на лицата со попреченост (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Министерството за здравство во рок од седум дена до Министерството за труд и социјална политика да номинираат член и заменик член во Работната оперативна група за подготовка на националната стратегија за правата на лицата со попреченост.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, како носител на националната стратегија за правата на лицата со попреченост да ја формира Работната оперативна група за подготовка на националната стратегија за правата на лицата со попреченост, во рок од седум дена по добивање на номинациите.

3. Се задолжуваат членовите на Националното координативно тело за правата на лицата со попреченост – претставници од министерствата, активно да учествуваат во креирањето на националната стратегија за правата на лицата со попреченост.

4. Се задолжуваат сите министерства да ги обезбедат потребните информации до Работната оперативна група за подготовка на националната стратегија за правата на лицата со попреченост, како и активно да учествуваат и соработуваат во сите активности при подготовката на националната стратегија за правата на лицата со попреченост во периодот од јули 2022 до март 2023 година.

5. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика преку широк консултативен и партиципативен процес да го финализира предлог - текстот на националната стратегија за правата на лицата со попреченост и последователно да ја достави на разгледување и одобрување до Владата, најдоцна до 30 март 2023 година.

**Точка 11**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за утврдување на Кодекс за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, со Предлог-кодекс, поради потребата предлагачот дополнително да го усогласи текстот на Предлог-кодексот со Секретаријатот за

европски прашања, Министерството за култура и Министерството за одбрана, како и останатите засегнати министерства.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

## Точка 12

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2021 година и ревидираните финансиски извештаи за 2021 година, со Извештај на независниот ревизор и притоа го утврди следново мислење:

Според член 46 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 48/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19 и 103/21), Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување е самостојно и независно регулаторно тело и за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија.

Работењето на Агенцијата, согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување се финансира од надоместоците кои Агенцијата ги наплатува од пензиските друштва. Висината на надоместоците ја утврдува Советот на експертите, за кои согласност дава Собранието на Република Северна Македонија и тие се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Согласно член 54 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата поднесува извештај за својата работа за претходната година за усвојување до Собранието на Република Македонија, до 30 јуни во тековната година. Врз основа на доставениот Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2021 година, во текот на 2021 година Агенцијата се грижи за правата и интересите на 550.447 членови во задолжителните пензиски фондови и 27.772 членови во доброволните пензиски фондови. Вкупната вредност на средствата на сите фондови во 2021 година изнесува над 1,76 милијарди евра.

Агенцијата, како тело за супервизија во капитално финансираното пензиско осигурување, врши теренска и вонтеренска контрола на работењето на пензиските друштва и пензиските фондови, врз база на извештаи и информации доставени од пензиските друштва, Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија и од чуварите на имот на пензиските фондови. Во 2021 година, Агенцијата извршила по една редовна контрола на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје, Сава пензиско друштво АД Скопје и на Триглав пензиско друштво АД Скопје за работата на пензиските друштва и контрола на нивното управување со средствата на задолжителните и доброволните пензиски фондови. Во 2021 година е

спроведена контрола и кај чуварите на имот Шпаркасе банка Македонија АД Скопје и НЛБ банка АД Скопје.

Врз основа на констатациите и забелешките од извршената контрола на трите пензиски друштва и чуварот, има издадено 15 укажувања и 50 препораки на трите пензиски друштва и четири укажувања и 10 препораки на чуварите на имот. Укажувањата и препораките се во насока на подобрување на работењето на друштвата и чуварите на имот.

Во текот на 2021 година, Комитетот за оценка на ризици одржа три состаноци на кои беше разгледан Предлог-планот за спроведување на теренските контроли во 2022 година, беа разгледани записниците од спроведените теренски контроли во пензиските друштва, беа разгледувани и анализирани ризиците во капитално финансираното пензиско осигурување.

Во 2021 година Агенцијата активно давала придонес во подготвувањето на измени на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и на Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување, кои измени се однесуваат пред сé на усогласување на одредбите со Законот за прекршоци, со кои се намалија глобите и е пропишан распон во изрекувањето на истите, согласно Законот за прекршоци.

Исто така, со овие измени на законите се прецизира надлежноста на судот и на Комисијата за одлучување по прекршок, за водење на постапка и за изрекување на прекршочни санкции.

Агенцијата во 2021 година има донесено девет правилници, Одлука за висината на месечниот надомест што Агенцијата го наплатува од пензиските друштва за 2021 година и две упатства, кои се однесуваат на процесите на работењето. Исто така, МАПАС спроведе постапки за давање на одобренија и согласности по барање на пензиските друштва.

Комисијата за одлучување по прекршок, во текот на 2021 година постапувала по прекршочни постапки, покренати од овластени лица на Агенцијата, за прекршување на одредби од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување од страна на вработен и членови на Управен одбор и Надзорен одбор на Друштвото, како и од страна на вработени во чувар на имот.

Во текот на 2021 година, од еден во друг пензиски фонд преминале вкупно 6.694 члена и тоа: во Триглав пензиско друштво АД Скопје преминале 6.343 члена, во КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд преминале 144 члена, додека во Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд преминале 207 члена. Во однос на членови кои се стекнале со бенефициран стаж, од вкупно 554 члена кои имале право на одлука, 13 дале изјава за продолжување на членството во задолжителен пензиски фонд, додека на 541 им престанало членството.

Во делот на активности поврзани со агенти на пензиските друштва, Агенцијата организирала три испитни сесии, во февруари, март и декември при што од 221 пријавени кандидати за полагање на испитот положиле 67 или 30% од присутните кандидати. Во 2021 година, Агенцијата изврши регистрација на вкупно 89 агенти во трите пензиски друштва.

Како и во изминатите години, Агенцијата продолжила со едукативната кампања, со цел финансиска едукација и развивање на свеста на јавноста за значењето на пензиското штедење, со поголемо внимание кај младата популација. Во период од 1.5.2021 до 31.12.2021 година, Агенцијата спровела информативна кампања под мотото „Ако ти е рано за пензија не ти е рано за пензија.мк", која се спроведе преку интернет. Исто така, во рамките на едукативната кампања се спровела и активноста 15-ти септември-Ден на пензиска свесност.

Агенцијата во текот на 2021 година активно учествувала во активностите на Координативното тело за финансиска едукација, кое се состои од финансиските регулаторни тела како Народна банка на Република Северна Македонија, Министерство за финансии, Агенција за супервизија на осигурување и Комисија за хартии од вредност. Агенцијата активно учествувала во изготвување на Национална програма за усвојување на правото и Извештајот за напредок на Република Северна Македонија, како и во изготвување на Програмата за економски реформи на Република Северна Македонија.

Во 2021 година, Агенцијата подготвила 12 месечни билтени, четири квартални статистички извештаи и еден годишен статистички извештај.

Во однос на ревидираните финансиски извештаи за 2021 година, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, согласно член 56 став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, најдоцна до 30 јуни во тековната година, доставува финансиски извештаи за претходната година ревидирани од надворешен овластен ревизор согласно со меѓународните ревизорски стандарди до Собранието на Република Северна Македонија.

Документот содржи Извештај од независен ревизор по однос на извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата, финансиски извештаи на Агенцијата, што ги вклучува и Билансот на приходи и расходи за деловната 2021 година, Билансот на состојба на 31 декември 2021 година, како и преглед на значајни сметководствени политики и други белешки.

Согласно Мислењето на овластениот ревизор, финансиските извештаи објективно ја презентираат финансиската состојба, како и финансиска успешност на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2021 година, во согласност со законските прописи во Република Северна Македонија што го регулираат работењето на непрофитните организации.

Во финансиските извештаи на Агенцијата за 2021 година, се прикажани Билансот на приходи и расходи со состојба од 1 јануари до 31 декември 2021 година, Билансот на состојба, заклучно со 31 декември 2021 година и белешки кон финансиските извештаи за подетално појаснување на одделни позиции дадени во финансиските извештаи.

Според Билансот за приходи и расходи за 2021 година, вкупните приходи на Агенцијата изнесуваат 85.492.510 денари, кои во однос на претходната година се зголемени за 5% што се должи на зголемените приходи врз основа на надоместоци како резултат на зголемениот број на членови во вториот и третиот пензиски столб, како и зголемувањето на просечната бруто плата во Република Северна Македонија. Вкупните расходи изнесуваат 57.075.267 денари, кај категоријата „опрема" поради набавка на нови софтверски лиценци и надградба на постојаниот софтвер на членови ИТ системот на Агенцијата и расходи за реновирање реконструкција и адаптација на деловниот објект на Агенцијата во висина од 11.290.549 денари.

Според Билансот на состојба, заклучно со 31 декември 2021 година, вкупните средства на Агенцијата изнесуваат 1 93.709.854 денари.

Во дадените белешки, се нотира дека од вкупните приходи 85.492.510 денари се приходи остварени по однос на надоместоци кои ги наплатува Агенцијата од пензиските друштва. Согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата наплатува од пензиските друштва 0,8% месечен надоместок од вкупниот придонес уплатен во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат пензиските друштва. Согласно закон, овој надоместок е утврден со Одлука за висина на месечниот надомест за 2021 година што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од пензиските друштва („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.312/20).

Исто така, Агенцијата наплатува надоместоци од пензиските друштва и за други услуги, врз основа на Одлука за утврдување на висината на надоместоците што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување ги наплатува од пензиските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.51/14). Во однос на вкупните расходи, најголеми износи претставуваат следните ставки: плати, персонален данок и придонеси од плати за вработените на Агенцијата со износ од 28.144.630.845 денари, други капитални средства, издатоци за реклама и репрезентација, интелектуални услуги, дневници за службени патувања и патни трошоци со износ, наемнини итн. Во 2021 година Агенцијата оствари вишок на приходи над остварени расходи, кој во целост се распределува во резервен фонд на Агенцијата. За 2021 година нето добивката изнесува 28.417.243 денари, додека акумулираната нето добивка изнесува 162.814.240 денари.

По однос на наведеното во Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2021 година и ревидираните финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на капитално

финансирано пензиско осигурување за 2021 година од независниот ревизор, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки.

## Точка 13

Владата ја разгледа Иницијативата од Сашо Балабанов, од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.60/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 33 став 1 и член 67 став 1 точка 6 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр.66/04 и 139/08), член 60 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19) и уставноста и законитаоста на член 7 став 1 алинеја 2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Службен весник на Република Македонија" бр.87/13, 154/13, 127/14, 146/15, 159/16 и 85/19) и притоа го утврди следново мислење:

1. Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на член 33 став 1 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04 и 139/08).
Членот 33 гласи:
„Имунопрофилакса се спроведува со вакцини (вакцинација) или со примена на специфични имуноглобулини (серопрофилакса).

Вакцинацијата е задолжителна за сите лица од определена возраст против туберкулоза, дифтерија, тетанус, голема кашлица, детска парализа, мали сипаници, црвенка, заушки, хемофилус инфлуенца тип Б (Хиб), вирусен хепатитис Б и хуман папилома вирус (ХПВ).

Вакцинација по епидемиолошки индикации се спроведува против тетанус, вирусен хепатитис Б, беснило, жолта треска, цревен тифус, грип и менингококов менингитис.

Вакцинација по епидемиолошки индикации се спроведува како:

1. имунизација на експонирани работници на одредени заразни болести;
2. имунизација на експонирани лица по епидемиолошки индикации;
3. имунизација по клинички индикации и
4. имунизација на патници во меѓународен сообраќај.

Трошоците за вакцинација од став 4 точка 1. на овој член се на товар на работодавачот.

Трошоците за вакцинација од став 4 точка 4. на овој член се на товар на лицето кое патува.
Здравствените установи се должни да обезбедат вакцинација од став 4 точки 2 и 3 на овој член.

Министерот, на предлог на Комисијата за заразни болести, може да одреди вакцинација и за други заразни болести.“

Подносителот на Иницијативата го оспорува и член 67 став 1 точка 6 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04 и 139/08), кој гласи:
„Глоба во износ од 300 до 650 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице, ако:
1) открие или се посомнева на заразна болест, а не ги преземе пропишаните мерки со овој закон (член 15);
2) не пријави заразна болест, односно сомневање за заразна болест или носителство на причинител (членови 17, 18, 19 и 20);
3) не упати лице каснато од бесно или сомневање на бесно животно за антирабична заштита (член 21);
4) одбива изолација, задолжително лекување или друга мерка од членот 28 или карантин од членот 29 на овој закон;
5) одбие или на друг начин оневозможи спроведување на надзорот од членот 31 и 32 на овој закон;
6) лице или родител/старател одбие вакцинирање за болестите утврдени во членот 33 на овој закон или заштита со специфичен имуноглобулин (член 34) или заштита со лекови (член 36);
7) не изврши претходен преглед или даде вакцина без присуство и под надзор на доктор по медицина (член 35);
8) одбие задолжителна дезинсекција од членот 40 на овој закон;
9) не изврши или избегнува вршење на задолжителен здравствен преглед (членови 44 и 45) и
10) постапи спротивно на забраната од членот 46 на овој закон.“

Исто така, подносителот на Иницијативата го оспорува и член 60 став 2 од Законот за основното образование, кој гласи: „При запишување на детето во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави потврда за примените задолжителни вакцини за детето, офталмолошки и стоматолошки преглед, издадена од надлежна здравствена установа.“

Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста и законитоста на Правилникот со кој се менува член 7 став 1 алинеја 2 од Правилникот за изменување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/19), кој гласи:

-„Податоци за здравствена состојба на детето“ што ги пополнува и заверува матичниот лекар на детето при запишување во детската градинка/центар за ран детски развој, како и за секоја воспитна година во која детето престојува во детската градинка/центар за ран детски развој, кои содржат: име, презиме, датум и место на раѓање на детето, податоци за вакцинален статус и примени вакцини и општи

податоци за неговата здравствената состојба, име, презиме, потпис и факсимил на матичниот лекар, податоци за контакт и датум на пополнување.

Според наводите од Иницијативата се оспоруваат одредбите заради тоа што со истите наводно се повредуваат уставно загарантираните права и слободи директно повредувајќи го физичкиот интегритет на човекот, со што е повредено начелото на еднаквост на граѓаните во уживањето и остварувањето на сите права и слободи од член 8 став 1, член 9 и член 11 од Уставот, повреда на правото на приватност со начинот на кој се бараат податоци за здравствената состојба за уживање на уставно и законски загарантираните права на човекот кои се загарантирани со член 25 и член 39 од Уставот.

Подносителот на Иницијативата исто така смета дека со оспорените одредби е повреден Уставот бидејќи за да го остварат своето право на основно образование кое е задолжително, тоа е условено со задолжителната вакцинација што е според него спротивно на член 9, член 25, член 40, член 44, член 51, член 54 од Уставот.

Со условите од оспорените одредби според подносителот е повредено правото на достапност на основно образование и забраната на дискриминација по основ на здравствената состојба со што наводно се повредени правата од член 4, член 5 став 1, член 7 од Законот за основното образование и член 2, член 4, член 5 и член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Наводна повреда имало и на одредбите од член 4 став 1 точка 13 и член 5 од Законот за заштита на лични податоци, затоа што податоците што се однесуваат на здравјето се лични податоци и податоците кои ги бараат детските установи и училиштата се податоци кои се однесуваат на здравствената заштита кои откриваат информации за здравјето.

2. Сите претходно наведени наводи од Иницијативата на подносителот, Уставниот суд веќе ги имал во предвид кога за ова прашање одлучувал претходно.

Имено, како што правилно навел Уставниот суд во образложението на Решението У.бр.84/2019 од 26.6.2019 година, со кое ја отфрлил Иницијативата за поведување на постапката за оценување на уставноста на член 46 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и бр.64/18), со оспорената одредба:
„Според Судот, не се повредуваат правото на образование и правото на избор за невакцинација на децата како што било наведено со Иницијативата, бидејќи одредбата е во насока на заштита на здравјето на учениците кои се запишуваат во прво одделение и на здравјето на другите ученици во училиштето.

Имено, условувањето на упис во основно училиште, преку приложување на доказ за извршена вакцинација, не претставува дискриминација бидејќи ова е еден вид на механизам за заштита и осигурување на правото на здравје на детето. Родителите кои би запишале дете во училиште кое не ги примило потребните вакцини, би ги

повределе правото на здравје на своето дете и на другите деца кои одат во истото училиште.
Според Судот, не може да се смета дека на невакцинираните деца од предучилишна и основно-училишна возраст неоправдано им е ограничено правото на образование поради невакцинација. Станува збор за посебни права поради што целосното остварување на овој степен на развој на здравството и образованието, па и развојот на целото општество, не може да биде успешно доведено во корелација од аспект на забрана на дискриминација.

По однос на тоа, дека со оспорената одредба се повредува член 44 од Уставот и се ограничува правото на образование, наведеното условување, односно ограничување е исклучиво и единствено поради постоење на интересот на јавниот ред и мир, заштитата на здравјето, моралот и правата и слободите на другите, што значи заштитата на правата на групата над правата на поединецот. Оттука, границата помеѓу позитивните и негативните задолжувања на државата во согласност со оваа одредба од Законот не може прецизно да се дефинира, но сепак, во двата контексти државата ужива одредена слобода на проценка.

Предвидувањето на задолжителна вакцинација за одредени заразни болести е со цел за елиминација на болести на целокупната популација, а што е позитивна обврска на државата во смисла на заштита на здравјето на своите граѓани. Ова, дотолку повеќе што, со конкретното прашање се навлегува во стручната медицинска област и истото не е прашање за остварување на загарантираното право на слобода на совеста и уверувањето."

Решението У.бр. 84/2019 од 26.6.2019 година на Уставниот суд се однесува на одредбата од членот 46 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и бр.64/18), која е суштински иста со одредбата од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19), и од тие причини Уставниот суд со истото образложение не треба да ја прифати Иницијативата на Сашо Балабанов од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.60/2022 за поведување на постапката за оценување на уставноста на член 33 став 1 и член 67 став 1 точка 6 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04 и 139/08), член 60 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19) и уставноста и законитоста на член 7 став 1 алинеја 2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/13, 154/13, 127/14, 146/15, 159/16 и 85/19).

Во Решението У.бр. 218/20 од 17.6.2021 година со кое Уставниот суд не повел постапка за оценување на уставноста на член 60 став 2 во делот: „применете задолжителни вакцини за детето" од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и 229/20), истиот наведува:

„Во оваа насока е и ставот на Европскиот суд за човекови права изразен во пресудата во предметот „Вавричка и други против Република Чешка“ (Vavřička and Others v. the Czech Republic“ application no.47621/13) од 8 април 2021 година.
Европскиот суд за човекови права, одлучувајќи по апликацијата на шест чешки државјани (Вавричка, Новотна, Хорнуч, Брожиќ и Дубски и Ролочек) со мнозинство гласови утврдил дека не е сторена повреда на членот 8 од Конвенцијата (правото на почитување на приватниот и семејниот живот), а во однос на членот 9 од Конвенцијата (слобода на мислата и совеста), Судот се изјаснил дека апликацијата во однос на овој член е недопуштена и дека нема потреба да се оценува случајот посебно во однос на членот 2 од Протоколот бр. 1 од Конвенцијата (правото на образование).

Жалбата на апликантите главно се однесувала на членовите 8 и 9 од Европската конвенција за човекови права и членот 2 од Протоколот бр.1 на Европската конвенција за заштита на човековите права.

Големиот совет на Европскиот суд за човекови права не нашол повреда на членот 8 од Конвенцијата и оценил дека како прво, задолжителната вакцинација треба да остане во рамките на широка маргина на оцена од страна на властите во оваа област и ги застапува нивните одговори поддржани од релевантни и оправдани причини со цел да се притисне социјалната потреба да се заштити личното и јавното здравје. Второ, оспорените мерки оценувани во контекст на домашниот правен систем биле разумно пропорционални на пропишаната легитимна цел. Исто така, Големиот совет на Европскиот суд за човекови права, ја прогласил за недопуслива жалбата во однос на членот 9: тие не докажале дека нивното критикувачко мислење за вакцинацијата била доволно убедлива, сериозна, единствена и доволно значајна за да се формира убедување или уверување со што ќе ја обезбедат гаранцијата на оваа одредба. Понатака, Советот одлучил дека нема потреба да се испитува случајот посебно во однос на членот 2 од Протоколот бр.1.

Оваа пресуда на Големиот совет на Европскиот суд за човекови права е значајна бидејќи за прв пат Судот екстензивно се осврнува на задолжителната вакцинација на децата и на последиците од неисполнувањето на оваа обврска од гледна точка на правото на почитување на приватниот живот од членот 8 на Конвенцијата. Судот ја признава вакцинацијата на децата како особено важна, односно како „клучна мерка за јавното здравје“ и ја поврзува со вредноста на социјалната солидарност и од најдобар интерес на децата.“

Уставниот суд нема основ да ја отфрли Иницијативата на Сашо Балабанов од Штип, како што тоа го сторил со Решението У.бр.84/2019 од 26.6.2019 година, повикувајќи се при тоа на тоа дека судот веќе одлучувал по истата работа во предметот У.бр.30/2014 и со Решение од 8.10.2014 година не повел постапка за оценување на уставноста, бидејќи станува збор за одредби од различни закони. Сепак, Уставниот суд има основ да не поведе постапка за оценување на уставноста на Иницијативата на Сашо Балабанов од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.60/2022, бидејќи оспорената одредба од Законот за основното образование е суштински иста и нема основи за поинакво одлучување од причините

и со образложенијата наведени во решенијата У.бр.30/2014 од 8.10.2014 година и У.бр.84/2019 од 26.6.2019 година, а истовремено Уставниот суд на Република Северна Македонија со Решение У.бр.218/20 од 17.6.2021 година не повел постапка за оценување на уставноста на член 60 став 2 во делот: „примените задолжителни вакцини за детето“ од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), со што веќе Уставниот суд одлучувал за дел од оспорената оредба.

Исто така, и одредбите од Законот за заштита на населението од заразни болести и Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој, кои се оспоруваат од подносителот на Иницијативата се поврзани со оспорената одредба од Законот за основното образование и за нив Уставниот суд има основ да не поведе постапка за оценување на уставноста на Иницијативата на Сашо Балабанов од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.60/2022, бидејќи нема основи за поинакво одлучување од причините и со образложенијата наведени во решенијата У.бр.30/2014 од 8.10.2014 година и У.бр.84/2019 од 26.6.2019 година, како и во Решението У.бр.218/20 од 17.6.2021 година

* * *

Имајќи го предвид горенаведеното Владата на Република Северна Македонија укажува дека член 33 став 1 и член 67 став 1 точка 6 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04 и 139/08), член 60 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19) и уставноста и законитоста на член 7 став 1 алинеја 2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/13, 154/13, 127/14, 146/15, 159/16 и 85/19) се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не ја прифати Иницијативата поднесена од Сашо Балабанов од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.60/2022 за поведување на постапката за оценување на уставноста на член 33 став 1 и член 67 став 1 точка 6 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04 и 139/08), член 60 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19) и уставноста и законитоста на член 7 став 1 алинеја 2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/13, 154/13, 127/14, 146/15, 159/16 и 85/19).

**<u>Точка 14</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Страбаг АГ Подружница Страбаг од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.50/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 134 ставови 2 и 3 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05,

106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/19, 267/20, 151/21 и 288/21) и притоа го утврди следното мислење:

Според наводите во Иницијативата, имајќи предвид дека со оспорените одредби се уредува дека ден на неделен одмор е недела и притоа се дефинирани дејностите кои се исклучок од ова правило и каде ден на неделен одмор може да биде друг ден во неделата, подносителот на Иницијативата смета дека содржината на истиот дозволува нарушување на темелните вредности на уставниот поредок, односно слободата на пазарот и претприемништвото, општо прифатените норми на меѓународното право, како и повреда на гаранцијата за слобода на пазарот и претприемништвото и еднаквата положба на сите субјекти на пазарот и повреда на гаранцијата за преземање мерки против монополската положба и монополското однесување и со тоа дека е во спротивност со член 8 алинеи 7 и 11 и член 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 8 алинеја 7, во темелните вредности на уставниот поредок, ја утврдува слободата на пазарот и претприемништвото.

Со членот 55 од Уставот се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Понатаму, истиот член вели дека Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот, а слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Со членот 134 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), се уредува правото на неделен одмор на работникот. Притоа, со ставовите (2) и (3) е уредено:

„(2) Ден на неделен одмор е недела.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, за работниците кај работодавачите кај кои работниот процес е од таква природа што не може да се прекине поради техничко-технолошкиот процес и потребата од континуитет во работата, ден на неделен одмор може да биде друг ден во неделата и тоа во дејностите:
- одгледување на животни,
- мешовито фармерство,
- вадење на јаглен и лигнит,
- вадење на руди на метал,
- печатење и издавање на весници,
- производство на леб, слатки во свежа состојба и бисквити,

- производство на пиво, само во процесите поврзани со варење, квасна припрема и следење, ферментација, филтрација и енергетска поддршка на овие процеси,
- производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати,
- производство на плочи, листови, цевки и профили од пластични маси,
- производство на индустриски гас,
- производство на метали,
- аптеки,
- снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација,
- снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности на санација на околината,
- копнен, цевоводен, воден и воздухопловен транспорт,
- складирање и помошни дејности во превозот,
- објекти за сместување,
- дејности за подготовка на оброци и служење на храна,
- филмска дејност, дејности за видео и телевизиска програма,
- емитување на програма,
- телекомуникации,
- информативни услужни дејности (хостирање, обработка на податоци, интернет портали и слично),
- прикажување на филмови,
- фотографски дејности,
- ветеринарни дејности,
- изнајмување и давање под закуп (лизинг) на моторни возила,
- дејности на приватна заштита и услуги на заштита со помош на сигурносни системи,
- дејности на повикувачки центри,
- општи дејности на јавната управа, само за итни и неодложни работи поврзани со одржување на седници, инспекциски надзори, чување на шуми, а кои работи се од витално значење за државниот и јавниот интерес,
- работи на одбраната,
- судски и правосудни дејности,
- работи на јавниот ред и безбедноста,
- дејности на пожарникарската служба,
- дејности за здравствена заштита,
- дејности на социјалната заштита со сместување,
- креативни, уметнички и забавни дејности,
- дејности на музеите,
- дејности на зоолошки градини и природни резервати,
- спортски, забавни и рекреативни дејности,
- погребни и слични дејности,
- царинска служба на гранични премини,
- дејности кои имаат карактер на помошни или придружни дејности со цел непречено функционирање на дејностите од овој став, врз основа на склучен договор со работодавачот од дејностите од овој став и
- работни места од други дејности кои не се опфатени со овој став, а имаат карактер на помошни и придружни работи за непречено извршување на основната дејност на работодавачот.“

Цитираните одредби од Законот за работните односи имаат за цел да го утврдат денот недела, како ден за неделен одмор на сите работници. Имено, многу истражувања го утврдуваат значењето на рамнотежата помеѓу професионалниот и приватниот живот, како неопходен елемент во животот на работникот. Оваа рамнотежа придонесува работникот да биде поефикасен и помотивиран на работното место, додека од друга страна овозможува многу полесно да го организира својот приватен живот-семеен и социјален, што ги задоволува неговите потреби и потребите на неговите блиски.

Гледано во национален контекст, односите со семејството и пријателите се традиционални вредности коишто треба да се чуваат и развиваат. Дополнително, работникот треба да има време да се занимава со хоби, да спортува и да посетува културни настани, а сето тоа, вклучително и исполнетиот семеен и социјален живот ќе му помогнат на работникот да го канализира оптоварувањето на работното место и да биде попродуктивен.

Од овие причини, како и сосема спротивно од тврдењето во Иницијативата, во насока на следење на современите меѓународни трендови во трудовата област, определена е неделата како ден на неделен одмор за сите, со одредени исклучоци кај работодавачи во дејностите каде работниот процес не дозволува да се направи прекин на работниот процес.
Понатаму, имајќи ги предвид наводите во Иницијативата, треба да се има предвид дека членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија, кој како темелни вредности, покрај другите и покрај слободата на пазарот и претприемништвото, го дефинира и владеењето на правото, односно заштитата на секое уставно загарантирано право. Во оваа смисла е и почитувањето на членот 25 од Уставот, кој вели дека на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот, но и на членот 40 став 1, според кој, Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството.

Оттаму, со утврдувањето на законското решение, не се спречува слободата на пазарот и претприемништвото, ниту пак се воспоставува монопол на поединечни правни субјекти на пазарот, туку при одредувањето на оние коишто се исклучоци од правилото „недела-неработен ден“ се тргнува од неопходноста на нивното работење заради остварувањето на други уставно загарантирани права на граѓаните, како и заради заштита на производството од прекини коишто предизвикуваат огромни трошоци. Листата е ограничена само на ваквите дејности, бидејќи во спротивно, би се изгубила смислата на законското решение кое забранува работа во недела. Затоа, не може да се зборува за нееднаквост на субјектите на пазарот, ниту пак за нарушување на слободата на пазарот и претприемништвото.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека членот 134 ставови (2) и (3) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15,

27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), е во согласност со член 8 алинеи 7 и 11 и член 55 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 134 ставови (2) и (3) од Законот за работните односи.

**Точка 15**

**1.** Владата го отповика Висар Ајети од должноста член на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, поради истек на мандатот.

1.1 Владата го избра Висар Ајети за независен член на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје.
**2.** Владата го разреши Томисав Андоновски од должноста член на Управниот одбор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

2.1 Владата го именува Петар Миноски за член на Управниот одбор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, претставник од Агенцијата за млади и спорт.

**3.** Владата ја разреши Елена Прангоска од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот ЈЗУ Здравствен дом „д-р Иван Георгиев“– Пехчево, поради истек на мандатот.

3.1 Владата ја именува Елена Прангоска за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Иван Георгиев“- Пехчево.

**4.** Владата го разреши Осман Мислими од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, поради истек на мандатот.

4.1 Владата го именува Осман Мислими за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта.

**5.** Владата од должноста членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Дебар, поради истек на мандатот, ги разреши:

- Армин Незировски
- Бајрам Лата
- Рамадан Имери

5.1 Владата за членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Дебар, ги именува:

-  Армин Незировски
- Бленди Имами
- Арбереша Туркеши

**6.** Владата од должноста членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Гостивар, поради истек на мандатот, ги разреши:

-Арсим Диша
-Дритон Зенку

6.1 Владата за членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Гостивар, ги именува:

-Арсим Диша
-Дритон Зенки

**7.** Владата даде согласност на Одлуката на Советот на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје бр. 0201 – 489/3 од 28.6.2022 година, со која за директор на Институтот се именува проф. д-р Скендер Асани.

8. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје за вршител на должноста заменик на директорот да го избере Суад Џемаили.“

<u>Точка 16</u>

**1.** Владата, го задолжи министерот за внатрешни работи да ги преземе сите потребни активности за реализација на покачување на платите на вработените во Министерството за внатрешни работи во висина од 5%, почнувајќи со платата за септември 2022 година, на негово барање.

**2.** Согласно Известувањето од Министерството за финансии бр 09-5211/3 и 09-5062/2 од 8 јули 2022 година, а во врска со неможноста за спроведување на Одлуката за прифаќање на исплатениот паричен надомест на четворица припадници на безбедносните сили на Република Северна Македонија како справедлив надомест на нематеријална штета со бр. 41-4818/1 од 25 мај 2022 година, Владата заклучи:

- Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Државното правобранителство на Република Северна Македонија да подготви и во рок од седум дена до Владата да достави соодветна одлука за решавање на ова прашање.

**3.** Владата во врска со проблемот на расположлива количина на вода во Акумулацијата Паљурци која е недоволна за завршување на сезоната за наводнување на земјоделски површини и исполнување на обврските од склучени договори со водокорисниците ги задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и

водостопанство и Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија веднаш да одржат работен состанок со цел изнаоѓање на решение и за истото во најкраток можен рок да ја информираат Владата.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 14 јули 2022 година до 20 јули 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата по повод Барањето на Научно културните средби „Десет дена Крушевска Република“ ги донесе следните заклучоци:
1) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди финансиски средства во висина од 5.000.000,00 денари за Научно културните средби „Десет дена Крушевска Република“, заради реализација на програмата за одбележувањето на 119 години од Илинденското востание и Крушевската Република, која ќе се одржи во Крушево во периодот од 31 јули 2022 година до 10 август 2022 година.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди логистичка поддршка за настанот.

3) Се задолжуваат сите државни институции кои ќе учествуваат со свои активности во организацијата на настанот, финансиските импликации да ги обезбедат од своите буџети.

**6.** Владата го разгледа Известувањето од Министерството за транспорт и врски во врска со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка, кои се утврдени на Шеесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јули 2022 година и заклучи пречистените текстови на истите да не се доставуваат до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 17

Владата го разгледа новиот текст на Акцискиот план за имплементација на препораките на Државниот завод за ревизија од страна на Агенција за лекови и медицински средства, како материјал за информирање.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2022/881 на Советот од 3 јуни 2022 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Белорусија и вклученоста на Белорусија во руската агресија врз Украина, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Турција, со седиште во Сивас, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/884 на Советот од 3 јуни 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/882 на Советот од 3 јуни 2022 година за изменување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Белорусија и вклученоста на Белорусија во руската агресија врз Украина, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за отворање на почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Хрватска, со седиште во Риека, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/883 на Советот од 3 јуни 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го донесе новиот текст на Решението за именување почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Хрватска, со седиште во Риека, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/885 на Советот од 3 јуни 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го донесе новиот текст на Решението за именување почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Турција, со седиште во Сивас во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за бројот на студентите кои се запишуваат на трет циклус на студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во академската 2022/2023 година, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „SABER JUNCTION 22“, во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради изведување на „Обука за евакуација на лица во тешко проодни планински услови“, со Предлог – одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на „Обука за евакуација на лица во тешко проодни планински услови“, во предложениот текст.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерство за

финансии – Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во координација со Министерството за одбрана, да преземат мерки за непречено преминување на државната граница и ослободување од процедури за движење и транспорт на персонал, алпинистичка опрема и материјално-технички средства на вооружените сили на Армијата на Соединетите Американски Држави, вооружените сили на Армијата на Австрија и вооружените сили на Армијата на Република Косово за потребите на обуката, на територијата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерство за финансии - Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, да одредат по едно лице, за координација со Министерството за одбрана, во врска со активностите за подготовките за изведување на вежбата и за истото да го известат Министерството за одбрана во рок од три дена.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за продолжување на постапката за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународниот пазар на капитал во 2022 година и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии да продолжи со процесот на подготовки за емисија на Еврообврзница на меѓународниот пазар на капитал.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:50 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**